Македонски народни песни

1

~Коцо Рацин~

МАКЕДОНСКИ НАРОДНИ ПЕСНИ

1

Собрал

ВАСИЛ ХАЦИ-МАНОВ

„КОЧО РАЦИН“

МЕСТО ПРЕДГОВОР

Оваа збирка од педесетина песни само е една од повеќе такви збирки што ќе последуваат во иднина. Сите заедно ќе сочинуваат еден зборник народни песни, запишани и текстуално и мелодиски. Во зборникот, се разбира, ќе бидат во одделни регистри одбележени имињата на пеачите од кои е запишана дадена песна, каде и кога е забележена; потоа регистер на имињата, местата и личностите споменувани во песните; табела за толкување темпата со народни зборови; речник на непознати зборови; забелешки во врска со потеклото на некои песни; музичка анализа и сл.

Овие збирки песни се плод на мојата над 20-годишна собирачка работа над нашиот народен мелос. Песните сум ги мелографирал во оргинален вид од стари луѓе: овчари, говедари, жетварки, тутунарки по време на работа, како и од младинци, ученици; потоа во својата наставничка и хороводска работа, од многу народни пеачи за време на фестивалите и др.. Многу од песните ги имам запишано по манастирски собори, по свадби и други празненства. Во зборников, разбирливо, нема да влезат варијантите од мелодијата на една иста песна. Јас ја давам само најпознатата и најпопуларна варијанта.

Издавајќи ја оваа моја прва збирка народни песни, јас се надевам дека таа, како и другите што ќе дојдат по неа, ќе послужат за зачувување и ширење на нашата народна песна.

В. Х. М.

Ој овчарче



— „Ој овчарче, млад чобанче,
Што си толку развеселен?“ (2 п.)

„Фино фефче на страната,
Стодрам пискул над окото“. (2 п.)

— „Как’ да не сум развеселен,
Стадо ми се објагнило“. (2 п.)

„Половина ми облизнило,
Домаќинка ми родила,
Ми родила машко дете“.

Болен ми лежи Миле Поп Орданов



Болен ми лежи Миле Поп Орданов, (2 п.)
Над глава му седи неговата мајка,
Милно го гледа, жално го жали.

„Стани ми стани, стани мило чедо, (2 п.)
Твоите другари по сокаци одат;
Жални песни пеат тебе те споминат“.

Бог да го прости Миле Поп Орданов, (2 п.)
Миле Поп Орданов за народ загина,
За народ загина за Македонија.

Неговите сестри в црно облечени, (2 п.)
Свадба ќе прават брата ќе женат,
Брата ќе женат за Македонија.

Неговата мајка в црно облечена (2 п.)
Свадба ќе прави, сина ќе жени,
Сина ќе жени за Македонија.

Посеала баба



Посеала баба, до три зрна просо,
Цицири, мицири, цу, цу, цу, до три зрна просо.

Се чудила баба, како ќе го жние,
Цицири, мицири, цу, цу, цу, како ќе го жние.

Наваќала баба, три села аргати,
Цицири, мицири, цу, цу, цу, три села аргати.

Се чудила баба, чо ќе и' наруча,
Цицири, мицири, цу, цу, цу, чо ќе и' наруча.

Си ванала баба, жаба кекерина,
Цицири, мицири, цу, цу, цу, жаба кекерина.

Си заклала баба, жаба кекерина,
Цицири, мицири, цу, цу, цу, жаба кекерина.

Си сварила баба, три казана чорба!
Цицири, мицири, цу, цу, цу, три казана чорба.

Наручала баба, три села аргати,
Цицири, мицири, цу, цу, цу, три села аргати.

Чо — што

Огин го гори Брезово



Огин го гори Брезово, Македонијо,
Ордан со чета навлегол, Македонијо,
И на дружина говори:

„Станете браќа, станете, Македонијо,
Зимајте пушки, куршуми, Македонијо,
Со душман ќе се биеме.“

Одеднаш Ордан продума, Македонијо,
„Фрлајте бомби, куршуми, Македонијо,
Го презедовме Брезово“

СТОЈАНЕ МОРЕ ЃАВОЛЕ



Стојане, море ѓаволе,
Оти синоќа не дојде.

На таа слатка, море, вечера,
На таа лута ракија.

На таа мека, море, постела,
На тие свилени перници.

Мајка на Митра мома говори:
„Не викај, Митро, Стојана.

Да си допредеш, Митро, кадела,
Да си доплетеш чарапи.

Да си доткаеш, Митро, килими,
После го повикај Стојана.“

СО МАКИ СУМ СЕ РОДИЛА



Со маки сум се родила,
Со жалости јас ќе си умрам.
Маките да ми ги напишете,
Озгора на гробот мој. } (2 п.)

Ќе се качам на планина,
Ќе влезам в црни темни пештери
Очите да ми паралдисат,
Сонцето да не го видам, } (2 п.)

Ќе слезам долу в ѓул бавча,
Под тој алов катмер калемфир,
Под тој алов катмер калемфир,
Под тој ран бел босилок. } (2 п.)

Алов катмер калемфир — црвен, со двојни ливчиња на круничката **карамфил.**
Да ми паралдисат — да ми потемнат

Ѓорѓи Сугаре



Заплакало е Мариово, заплакало,
За тој ми Ѓорѓи, Ѓорѓи Сугаре.
„Каде си Ѓорѓи, сега да дојдеш, леле, да дојдеш,
Од душманите да не́ куртулиш“.
Тогаш извикна Ѓорѓи Сугаре, провикна,
Од Демирхисарските балкани,
„Слушам ве народ, народ поробен, леле, поробен,
Слушам ви гласој, гласој жалосни“.
„Сега за скоро, јас ќе дојдам, ќе пристигнам,
Со триесет одбрани момчиња,
Сите со куси малихери, малихери,
Сите со нагант леворвери“.
Колку ми тргна Ѓорѓи Сугаре да оди,
Во тоа село Паралово,
Бог да убие шпиуните параловски,
Ѓорѓија што ми го предадоа.

„Слушај, бре Ѓорѓи, слушај послушај,
Ако ти сакаш да куртулиш,
Накачи горе кај чукарите, кај манастирот,
Ако да сакаш ти да куртулиш“.
Тогај се Ѓорѓи излага и прелага,
Накачи Ѓорѓи кај чукарите,
Кога ќе види, што ќе види Ѓорѓи Сугаре,
Од сите страни Ѓорѓи сардисан.
Тогај извикна Ѓорѓи Сугаре провикна,
На неговата верна дружина:
„Клавајте гуњи пусии, леле, пусии,
Зошто се камен тешко најдува“.
Згрмеа пушки, пушки аскерски, крвави!
Сета дружина му ја убија!
Тогај извади нагант леворвер, Ѓорѓи Сугаре.
Самиот крвта си ја пролеа, леле, пролеа,
Жив на душмани не се предаде!

Чукар — рид, врв, 'рбет
Сардисан — опколен (од непријателот)
Аскерски — војнички

Ој ти моме



Ој ти моме, малој моме, блазе тебе на душата,
Како можеш, ти да спиеш, при мајка ти, при татко ти.
Ами јаска, јас сирома, сам легнувам, сам станувам,
На полноќ се разбудувам, малој моме побарувам,
Малој моме не најдувам, ал перница загрнувам,
Ал перница загрнувам, дробни солзи преронувам.

Пиши ме Недо



— „Пиши ме Недо, Недоле, Недке, на вурката на
прешленот“
— „Пишала те сум Стојане, Стојан на вурката на
прешленот
Ем си предам, ем те гледам на вурката на прешленот“.
— „Пиши ме ле, Стојане, Стојан, на кавалот на дупките“
— „Пишал те сум Недоле, Недке, на кавалот на дупките
Ем да свирам, ем те гледам, на кавалот на дупките“.

Вурка (фурка) — направа за предење

Кажи кажи либе Стано



Кажи, кажи, либе Стано,
Што си замислена,
Дали руба немаш, Стано,
Или пари немаш. } (2 п.)

Сé си имам, либе Диме,
Само едно немам,
Од срце порода немам,
Од срце порода. } (2 п.)

Јас ќе идам, либе Стано,
У Солуна града,
Ќе ти купам, либе Стано,
Дете позлатено. } (2 п.)

Пусто да остане тоа.
Дете позлатено,
Кога нема да ми рече,
Од срцето: „мајчице“. } (2 п.)

Имам момче како лешник



Имам момче како лешник, ха! (2 п.)
Си отиде на орање, леле бре, бре, бре, бре.

Ка' се качи на грутчето, ха! (2 п.)
Севгар има орач нема, леле, бре, бре, бре, бре.

Па го видо' под грутчето, ха! (2 п.)
Кај се боре со мравките, леле бре, бре, бре, бре.

Си го јузе' у скутале, ха! (2 п.)
Па г' однесо' дури дома, леле бре, бре, бре, бре.

Па го кладо' у буџакот, ха! (2 п.)
Прсна искра го изгоре, леле бре, бре, бре, бре.

Та го јузе' од буџакот, ха! (2 п.)
Та го кладо' у јаслите, леле бре, бре, бре, бре.

А што беа пусти петли, ха! (2 п.)
Му иск'ваа двете очи, леле бре, бре, бре, бре.

Та го јузе' од јаслите, ха! (2 п.)
Та го кладо' во камара, леле бре, бре, бре, бре.

А што беа пусти глувци, ха!
Му изгризаа двете уши, ха!
Остана' без момче лешник, леле бре, бре, бре, бре.

Камара — специјална вдлабина во ѕидот за оставање разни предмети

Не стој моме карши мене



— „Не стој моме, не стој, душо,
Не стој карши мене,
Не стој моме, не стој, душо,
Изгоре за тебе.“

— „Гори лудо, гори младо,
Гори ако сакаш,
Гори лудо, гори младо,
Пепел да се сториш.“

— „Пепел ќе се сторам, моме,
Пепел ќе собереш,
Пепел ќе собереш, моме,
Ју алте скутале.“

„Пепел ќе расееш, моме,
Меѓу два распатја,
Јазе ќе наникнам, моме,
Ран, бел босилок“.

„Мене ќе ме берат, моме,
Моми и ергени,
Мене ќе ме носат, моме,
Јазе ќе лалеам.“

Алте скутале — црвено скутале
Карши — спроти
Лалеам — светлеам
Наникне — изникне

Каде се чуло видело



Каде се чуло видело, (2 п.)
Мома војвода да биде,
На триста души четници.

Мома н' дружина говори: (2 п.)
„Спремајте пинци ремења,
Ај, на пушките кремења.

Сутрин ќе ојме в планина, (2 п.)
На широката падина,
Тамо ќе нишан правиме.

Кој ќе ми нишан погоди, (2 п.)
Тој ќе ми биде војвода,
На триста души четници."

Ѓедом четници фрлаа; (2 п.)
Никој ми нишан не јудри,
Момето фрли погоди.

Пинци — опинци.

Јано мори севделино



— Јано, мори, Јано, леле, севделино,
Моја росна, Јано мори, детелино. (2 п.)
Поминуваш, Јано мори, заминуваш,
Нит ми зборвеш, Јано мори, нит се смееш. (2 п.)

Камен дрво, Јано мори, изгоруваш,
Срцето ми, Јано мори, разигруваш (2 п.)
Те прашает, Јано мори, мајсторине,
Што им готвиш, Јано мори, за вечера. (2 п

— Кога комат, бегу море, ил' кокошка,
Таа вечер бегу море, рудо јагње.
Рудо јагње од две мајки задоено.

Комат — баница, пита.

Каде се забави Генс



— Каде се забави?
Мори пуста Гено,
Толку време надвор. (2 п.)

— На бавча отидо,
Пиле баце Димко,
Пипер да наберам,
Перје да наберам,
Зеленик да осучам.

Тамо си дојдоа,
Пиле баце Димко,
До две луди млади. (2 п.)

Китка посакаа,
Пиле баце Димко,
Китка јас им дадо',
Китка не ми фаќат,
За рака ме фаќат.

Жалајте ми мајки



Жалајте ми мајки,
И млади невести,
Оти јас ќе одам,
Многу далеку,
Многу на далеку,
Преку пет држави,
Преку океани,
Дур' во Хавана.

Пари да спечалам,
За мојата мајка,
За мојата жена,
За моите деца.
Пари да спечалам,
Живот да си губам, (2 п.)
В туѓа туѓина.

Фабриките пиштат,
Како љути змии,
Момчиња си губат,
Младост в туѓина.
Фабриките пиштат,
Машините сечат, (2 п.)
Ка' касапници.

Излегла Јанка



Излегла Јанка вонка на двори,
Вонка на двори, вонка пред зори,
С' крушово лисче, Јанка свиреше,
И на гората Јанка думаше:
— „Еј, горо, горо, зелена горо,
Што ќе те питам, ти да ми кажеш,
Дали виде, горо, од тука да минат,
Ајдуци, тие пусти четаци?
Дал' го носеа, горо, со нив,
Моето братче, братче Јованче?"
— „Еј, Јанке, Јанке, убава Јанке,
Сношти поминаа пусти ајдуци,
И твојето братче со нив беше,
Главата му на кол набиена беше!"

ЖАЛИ МОМЕ ДА ЖАЛИМЕ



Жали моме да жалиме, ај моме,
Ти за мене, јас за тебе.

Како ќе се разделиме, ај моме,
Јас од тебе ти од мене.

Јас ќе одам на туѓина, ај моме,
На туѓина преку Вардар.

Ќе ти пратам бела книга, ај моме,
Бела книга, црно писмо.

Бела книга, црно писмо, ај моме,
Ем да читаш, ем да плачеш.

Се собрале се степале



Се собрале се степале, моми тиквешанки, (2 п.)
Бре, бре, бре, бре, се собрале се степале,
Бре, бре, бре, бре, моми тиквешанки.

Раците си сокршиле, коси искубале, (2 п.)
Бре, бре, бре, бре, раците си сокршиле,
Бре, бре, бре, бре, коси искубале.

Си почнале, си почнале, очи да си вадат, (2 п.)
Бре, бре, бре, бре, си почнале, си почнале,
Бре, бре, бре, бре, очи да си вадат.

За едно ле лудо младо, лудо неженето, (2 п.)
Бре, бре, бре, бре, за едно ле лудо младо,
Бре, бре, бре, бре, лудо неженето.

Не си го продавај Коњо чифликот



Не си го продавај, Коњо, чифликот,
Мама не ме дава за тебе,
По меани одиш,
Рујно вино пиеш,
Дома рано не одиш да спиеш.

Мама не ме дава, Коњо, за тебе,
Оти си пуш пијаница,
По меани одиш,
Рујно вино пиеш,
Дома рано не одиш да спиеш.

Тебе ти е жена, Коњо, ракијата,
А што ќе ти сум и јазе,
По меани одиш,
Рујно вино пиеш,
Дома рано не одиш да спиеш.

На виното, а бре Коњо, кавга бива,
На ракија вадиш пиштоли,
По меани одиш,
Рујно вино пиеш,
Дома рано не одиш да спиеш.

Го пратиле дедо



Го пратиле дедо в планина, (2 п.)
Мечките да го изедат,
Де, де, лош дедо бре!

Ете го дедо кај иде, (2 п.)
Полна му торба со мечиња,
Де, де, лош дедо бре!

Го пратиле дедо на нива, (2 п.)
Волците да го изедат,
Де, де, лош дедо бре!

Ете го дедо кај иде, (2 п.)
Полна му торба со волчиња,
Де, де, лош дедо бре!

Го пратиле дедо на лозје, (2 п.)
Змиите да го изедат,
Де, де, лош дедо бре!

Ете го дедо кај иде, (2 п.)
Полна му торба со змијчиња,
Де, де, лош дедо бре!

Малките моми делба делујат



Малките моми, малките моми,
Делба делујат, делба делујат. (2 п.)

На секоја мома по едно момче,
На бела Рада црното арапче. (2 п.)

Па се чудила што да му прави,
Па му купила до три ока сапун. (2 п.)

Па го однела на Врањската Бања,
Три дни го трила, два дни го мила. (2 п.)

Па го качила на бела коња,
Коњот белее, а оно црнее. (2 п.)

Бегајте деца, плашилото иде,
Децата бегат, пцетата лаат. (2 п.)

ГОРО ЛЕ ГОРО ГОЛЕМА



— Горо ле, горо голема,
Имаш ли трава зелена.
Имаш ли трава зелена,
Да си напасам стадото.
Имаш ли вода студена,
Да си напојам стадото.
Имаш ли сенка дебела,
Да си пладнува стадото.

Имаш ли место скривалче,
Имаш ли место за борба.
— Имам си вода студена,
Имам си сенка дебела.
Секое камче метерис,
Сексе долче скривалче.
Секое ритче пусија,
Секое рамниште за борба.

Метерис — мала тврдина, окоп

Пошла Румена на вода студена



Пошла Румена на вода студена,
Оздола иде едно лудо младо.

Лудо на мома Румена говори:
„Кажи Румено што да ти правам.“

„Цвеќе да ти земам, друго ќе си скинеш,
Ем поубаво, ем помирисно.“

„Стомни да ти скршам, други ќе си купиш,
Ем поубави, ем пошарени.“

„Најподобро е дај да те целивам,
Целивка се с’ пари не купува.“

Не го ли видо́те Асанеја



— Не го ли видо'те Асанеја,
Јаниш Мемед бега?
— Вчера го видо'ме, рудо јагне, } (2 п.)
На пат го сретнáме.

На пат го сретнаме, рудо јагне,
На пазар одеше,
На пазар одеше, рудо јагне, } (2 п.)
Руба да ти крое.

Руба да ти крое, рудо јагне,
Руба в'станлија,
Копче алт'нлија, рудо јагне, } (2 п.)
Срмали елече.

Свадба ќе ти прават, рудо јагне,
Тебе ќе те мажат,
За момче што некиш, рудо јагне, } (2 п.)
Штрбо и ќелаво.

Руба — свадбинска облека
В'станлија — фустанлија
Алт'нлија — позлатен

ЕМИ СЕЛАМ МОРИ ЕНЃЕ



Еми, селам, селам,
Селам, мори енѓе,
На Китка Мемеда.

Еми, да ми дојде,
Дојде, мори енѓе,
До сниското ѕитче.

Еми, јазе да му
Кажам, мори енѓе,
На Китка Мемеда.

Еми, да ми купе,
Купе, мори енѓе,
Црвено џакетче.

Еми да ми купе,
Купе, мори енѓе,
Седефли петелки.

Еми, јазе да ги
Копчам, мори енѓе,
Китка да раскопча.

Енѓа — јатрва
Селам — поздрав

Бојот започна



Бојот започна горе Крушово,
Горе Крушово на Мечкин Камен.
Таму се бие тој славен јунак,
Тој славен јунак, тој Питу Гули.

Жените плачат, децата пиштат,
А крв се лее на Мечкин Камен.
Тој Питу Гули, славен јунак беше,
Славно загина за Македонија.

Кажи мори жено



— „Кажи мори жено,
Токму за најаска,
Што ти се јаде“.

— „Мене ми се јаде,
Токму за најаска,
Топол виткалник“.

— „Кажи мори жено,
Токму за напојка,
Што ти се пие“.

— „Мене ми се пие,
Токму за напојка,
Бутим матеница“.

Виткалник — еден вид пита со витки
Бутим — дрвена направа за матење маштеница

Донке ле Донке



— Донке ле, Донке мори, девојче,
Иди ја прашај мајка ти,
Дали те дава за мене,
Како за мене комита.

— Мајка не дава, море, за тебе,
Како за тебе комита,
Комита жена не гледа,
Комита куќа не врте.

Момче бре, момче море, комито,
Ти ми домаќин не биваш,
Комита дома не седе,
Комитски оџак не чуре.

Немам мајка да ме плаче



Немам мајка да ме плаче,
Да ме плаче за до века.

Немам татко, да црнее,
Како в поле црна гламња.

Немам сестри да ме жалат,
Колку за година време.

Немам снаи да запеат,
Да запеат жална песна.

Немам браќа да се судат,
За татковото имање.

Немам жена домаќинка,
Да ме чека од работа.

Зошто ми е виа живот,
Кога немам нигде ништо.

Кало Калино девојко



Кало, Калино девојко,
Виши, виши црни очи,
На високо, на широко,
Спрема дуќан ќошелија.

Дека Турци кафе пијат,
А рисјани ром ракија,
А ергени рујно вино,
А момите рахат-локум.

Ајде Кељо, ајде душо,
Ние двата да бегаме,
Наше село е убаво,
Од две страни с'нце грее,

Од две страни с'нце грее
Од четири месечина,
Два пати се жетва жние,
Три пати се грозје бере.

Кој си има д'га жена



Кој си има, кој си има, многу д'га жена, хм.
Не му требе, не му требе ластар да си крше, хм.

Кој си има, кој си има, многу куса жена, хм.
Не му требе, не му требе, топка да си кошка, хм.

Кој си има, кој си има, многу бела жена, хм.
Не му требе, не му требе, ламба да си пале, хм.

Кој си има, кој си има, многу црна жена, хм,
Не му требе, не му требе, мацун да си лиже, хм.

Кој си има, кој си има, многу танка жена хм.
Не му требе, не му требе, стапче да си има, хм.

Кој си има, кој си има, подебела жена, хм.
Не му требе, не му требе, ќумбе да си пале, хм.

Кој си има, кој си има, жена што му пее, хм.
Не му требе, не му требе панаѓур да збира, хм.

Кој си има, кој си има, многу лоша жена, хм.
Не му требе, не му требе, дома да си оде, хм.

Кој си има, кој си има, жена болникава, хм.
Не му требе, не му требе в' болница да оде, хм.

Кој си има, кој си има, многу грда жена, хм.
Не му требе, не му требе, питачка да има, хм.

Стојне ле Стојне



Стојне ле, Стојне невесто,
Сва ноќ е Стојна седела,
Кола е дрва 'згорела,
Девет вретена напрела,
Мушка промена сошила,
Рало чорапи соплела,

Свекрва ракав навезла.
И још го нема Стојана,
Јод девет бели дуќана,
Сос девет мили чирака.
Тешка ја дремка јобори,
На свекрва си говори:

„Тешка ме дремка јобори,
Да легнам, мале, да дремнам,
Кога ќе дојде млад Стојан,
Да викнеш, мале, да станам,
Да станам да му јотворам.“

Качи се горно јодајче,
Посла си меко душече,
Зави се с' бело јорганче.
Јете го Стојан на порта,
Почукна тијо, повикна:
„Стани ми, Стојне, јотвори.“
Стана му мајка јотвори.

Стојан и' тијо говори:
„Камо гу Стојна невеста,
Да стане да ми јотвори.“
Мајка му тијо говори:
„Стојане, сину Стојане,
Сва ноќ е Стојна играла,
С'с твои девет чираци.“

Стојан се луто налути,
Качи се горно јодајче,
Јоткри си бело јорганче,
Извади ношче анџарче,
Јуботе Стојна невеста!

Невесто црвен трендафил



— „Невесто црвен трендафил, цанам,
Сега си дојдов од гурбет,
Што ти е соба послана, цанам,
Што ти е шише ракија?“

— „Стојане море, стопане, цанам,
Село се Турци наполни,
Затој ми соба послана, цанам,
Затој ми шише ракија.“

Гурбет — туѓина, печалба

— „Невесто црвен трендафил, џанам,
И тоа да ти верувам,
Што ти е коса бушава, џанам,
Што ти е лице румено?“

— „Стојане море, стопане, џанам,
Децата ми се големи,
Затој ми коса бушава, џанам,
Затој ми лице румено.“

— „Невесто црвен трендафил, џанам,
И тоа да ти верувам,
Што ти е појас распашан, џанам,
Што ти е пола скината?“

— „Стојане море, стопане, џанам,
Болвите мене јадоа,
Затој ми појас распашан,
Затој ми пола скината“

— „Невесто црвен трендафил, џанам,
Што ти е она в ќошето?
Со сиво сакме наметнат, џанам,
Со танка пушка на рамо.“

— „Стојане море, стопане, џанам,
Лагите ми се свршија,
Прво ме мене јуботи, џанам,
После го него јуботи.“

Пола — еден дел од долништето, фустанот

Мори моме малко моме



— Мори моме, малко моме,
Како стоиш на два друма.
На два друма на распатја,
Ќе те прашам да ми кажеш.
Нели виде коњ да мине,
Коњ да мине по планина.

Уздата му позлатена,
Седлото му посребрено.
— Вчера ојде на планина,
Видо' коња да помина,
Видо' коња да помина,
На коњ беше млад делија.

Распатја — раскрсница

Озгора идат сејмени



Озгора идат сејмени, бабо ле,
Сејменска песна пееја.
Сејменска песна пееја, бабо ле,
Ајдучка глава носеа.

Не била глава ајдучка, бабо ле,
Тук' била глава јуначка.
Се збрало мало големо, бабо ле,
Кој ќе ми глава познаит .

Најпосле дошла мајчица, бабо ле,
Она ми глава познала,
Викна ми мајка да плаче, бабо ле,
„Ох, леле, сине до бога!
Ох, леле сине, ох, мили сине! } (2 п.)
Што ќе ми живот без тебе.“

Сејмени — вид турска војска

ЕРГЕН ОДИ' БАБО СТО ГОДИНИ



Ерген оди', бабо, сто години,
На стојпедесет, бабо, се јожени,

Мома сака', бабо, мома зема',
Се угоди, бабо, болникава.

Кога глава, бабо, кога срце,
Кога тенка, бабо, половина.

И' заколи', бабо, кокошчица,
И' осука', бабо, тенек баник.

И' нап'ни', бабо, карта вино,
И' остави', бабо, врека в'на.

Па си ојдо', бабо, на орање,
Ора' што ора', бабо, па си дојдо'.

Од кокошчица, бабо, ни кошчица,
Од баникот, бабо, ни корчица.

Од карта вино, бабо, капка нема,
Врека'та в'на, бабо, сета стое.

Па си зедо', бабо, суровица,
Десет јудри, бабо, едно брои.

Карта — дрвен сад за вино или други пијалоци

Месила баба зелникот



Месила баба зелникот, (2 п.)
Думба ле дум, думба ле дум.

Корите како вратите, (2 п.)
Думба ле дум, думба ле дум.

Витките како гредите, (2 п.)
Думба ле дум, думба ле дум.

Се собрале селаните, (2 п.)
Думба ле дум, думба ле дум.

Ќе ми клопат зелникот, (2 п.)
Думба ле дум, думба ле дум.

Нешто мрдна в зелникот, (2 п.)
Думба ле дум, думба ле дум.

Сите викат жаба е, (2 п.)
Думба ле дум, думба ле дум.

Павле вика мечка е, (2 п.)
Думба ле дум, думба ле дум.

Сите бегат низ врата, (2 п.)
Думба ле дум, думба ле дум.

Павле бега низ баца, (2 п.)
Думба ле дум, думба ле дум.

Клопат — (вулгарно) јадат.

Легнало лудо заспало



Легнало лудо, заспало море,
Сладок сон сонувало,
За едно моме убаво, селанче, селанче.

На сон му дојде девојче,
Н' бели му гради легнало,
На сон му дојде убаво девојче, девојче.

Тргна се лудо разбуди,
Нема го моме крај него,
Ај, да се себе јубодам, без моме селанче.

Ми се собрале 12 другари



Ми се собрале,
Дванаесет другари, (2 п.)
Славна дружина.

Па ми тргнале,
Зад гора зелена, (2 п.)
Ајдучка меана.

Ајде, у меана,
Смилјана девојка, (2 п.)
Слуга слугуе.

Ај, служила ги,
Дванаесет другари, (2 п.)
Славна дружина.

Помниш ли либе Тодоре



Помниш ли либе Тодоре,
Кога се двајца љубевме,
У чичовото градинче,
Под чичовото маслинче.

На една гранка стоевме,
Вишни си црешни зобевме,
Лута си клетва дадовме,
Кој првен ќе се ожени.

Кој првен ќе се ожени,
Девет години да лежи,
Девет постели да скапе,
И на десета да стане.

На сламка да се потпира,
И таа тешка да му е,
Од лист опинци да носи,
И тие тешки да му се.

Од лешка вода да пие,
И таа 'ногу да му е,
Низ прстен да се издене,
И тиа широк да му е.

Митане моме девојче



— „Митане, моме девојче, цанам,
Камо ти китка, моме,
Китка на глава.“

„Како што носат, Митане, цанам,
Твоите другачки, моме,
Китка на глава.“

— „Бре лудо младо, аџамија, џанам,
Јазе си имам, лудо,
Мајка маќеја.“

„Она не дава, аџамија, џанам,
Китка да носам, лудо,
Китка на глава.“

— „Зошто Митане, синоќ седевте,
Цел ноќ, Митане моме,
Ламба гореше.“

„Да не ти беа, стројници, џанам,
Или ти беа, моме,
Твоите токмачи.“

— „Бре лудо младо, аџамија, џанам,
Лел' ме питаш, лудо младо,
Право ќе ти кажам:“

„Мене ме лудо, синоќ токмија,
Дека ле, лудо младо,
Јазе што неќум.“

Аџамија — недораснат.
Токмач — стројник

Мала мома двори мела



Мала мома двори мела,
Мамно ле, рамно ле, рамни двори,
Виком вика, глас издава:
— „Трчи, трчи, мило мале!“

„Ме изеде пастра змија,
Мамно ле, рамно ле, рамни двори,“
— „И без тебе, ќерко, бива,
А без рака, нај не бива“

— „Трчи, трчи, мило тате.
Ме изеде пастра змија“,
— „И без тебе, ќерко, бива,
А без рака, нај не бива“.

— „Трчи, трчи, мила сестро,
Ме изеде пастра змија“,
— „И без тебе, сестро бива,
А без рака, нај не бива“.

— „Трчи, трчи, мило братче,
Ме изеде пастра змија,
— „И без тебе, сестро бива,
А без рака, нај не бива“.

— „Трчи, трчи, мило либе,
Ме изеде, пастра змија“,
Не ми била пастра змија,
Тук’ ми била вита гривна.

Мамно ле — мајко ле
Пастра змија — шарена (отровна) змија.

Кажи моме истината



Кажи, моме, истината,
Лубиш ли ме, мамиш ли ме,
Ил сос мен' се подиграваш,
Да ти мине времето.

Сношти мина' покрај вази,
Тебе, моме, не те видо',
Срце ми се растрепери,
Почна' с'лзи да ронам.

Сечи, моме, руси коси,
Прави скала да се качам,
Да ти видам бело лице,
И рудото ти грло.

Ах, да можам да разберам,
Була ли си, ил' Гркиња,
Ил' си моме Македонка,
Та си толку убава.

Битолските бегови



Битолските бегови на кафене седеа, (2 п.)
Црно кафе пиеја и газети четеа. (2 п.)

Црно кафе пиеја и газети четеа, (2 п.)
Политика бистреа и за жени говореа. (2 п.)

Оздол иде Димковица, си го бараше Димко, (2 п.)
Си помина пред кафене, беговите ја прашаа: (2 п.)

— А мори Димковице, каде ти е Димко, (2 п.)
— Јас го барам Димко, тој ме бара мене. (2 п.)

Газета — весник

А бре Коњо мамин Коњо



А бре Кољо, мамин Кољо,
Мамина комито,
Доста оди, мамин Кољо,
Пустите планини,
Пустите планини, Кољо,
И рамни долини.

Не ли се наноси, Кољо,
Пушки малихерки,
Не ли се нафрла, Кољо, } (2 п.)
Дребните куршуми.

Не ли се најде, Кољо,
Мрсните кокошки,
Не ли се најаде, Кољо } (2 п.)
И масни погачи.

Не ли се нагледа, Кољо,
Младите ан'мки.
Ајде, да те женам, Кољо, } (2 п.)
За едно кавурче.

Мојта жена, мила мајко,
Пушка малихерка,
Мојте деца, мила мајко, } (2 п.)
Дребните куршуми.

Каде ги испраќам, мајко,
Назад не се враќат,
Назад не се враќат, мајко, } (2 п.)
Абер ќе ми пратат.

Ан'мка — девојка

Девојчиња гугутчиња



Девојчиња,
Девојчиња, гугутчиња, аман,
Пат правете,
Пат правете да поминам.

Ништо лошо
Ништо лошо не ви правам, аман,
Раце ми се,
Раце ми се во џебови.

Полни рамни,
Полни рамни, леблебија, аман,
Леблебија,
Леблебија суво грозје.

Негдегоде,
Негдегоде, шекерчиња, аман
Негдегоде,
Негдегоде, шекерчиња.

Леблебија,
Леблебија, за ергени, аман,
Суво грозје,
Суво грозје за невести.

Шекерчиња,
Шекерчиња за девојчиња, аман,
Да се заблажат,
Да се заблажат, излажат.

Невесто лична калеша



— „Невесто лична калеша, (2 п.)
Синоќа ти лафот чиневме,
Тебе да млада оставиме“.

— „Девере, најмлад девере, (2 п.)
Што в мене мана најдовте,
Мене да млада оставите.“

Калеш — црноок, со црни веѓи и бело лице.
Лаф — говор, збор.

— „Невесто лична калеша
Девет години в десета,
Камо ти лулка до глава,
И в лулка машко детенце.“

— „Девере, најмлад девере,
Девет години в десета,
Постела не сум послала,
Со момче не сум легнала.“

„Дека што пие там' спие,
Дење и ноќе не си иде,
Името ми е невеста,
Срцето ми е моминско.“

Кажи Анѓо


Широко
tr
tr
tr
—"Ка - жи, Ан - ѓо мо - ри, ка - жи ду - шо
ка - де ти е
Ан - ѓо мо - ри, твој - то мом - че?"

— „Кажи, Анѓо мори, кажи душо,
Каде ти е, Анѓо мори, твојто момче?“

— „Мојто момче, бегу, мојто момче,
На туѓина, бегу море, на далеку“.

— „Лажи, Анѓо мори, лажи кучко,
Само бегот, Анѓо мори, не се лаже“.

„Јас го видов, Анѓо, на Пирина,
На Пирина, Анѓо мори, со дружина“.

Нани ми нани, Зафирче



Нани ми нани, Зафирче, нани ми, сине, ју лулка,
Ју лулка, сине, шарена, шарена, а . . . а . . . нани ми.

Мама ќе тебе да лула, да лула, сине, ју лулка,
Ју лулка, сине, шарена, шарена, а . . . а . . . нани ми.

Кога ќе, сине, пораснеш, мајка ќе, сине, да гледаш,
Да гледаш, сине, да чуваш, да чуваш, а . . . а . . . нани ми.

СОДРЖИНА

Ој овчарче 7
Болен ми лежи Миле Поп Орданов . . 8
Посеала баба 10
Огин го гори Брезово 12
Стојане, море ѓаволе 13
Со маки сум се родила 14
Ѓорѓи Сугаре 16
Ој ти моме 18
Пиши ме Недо 19
Кажи, кажи, либе Стано 20
Имам момче како лешник 22
Не стој моме карши мене 24
Каде се чуло видело 26
Јано мори севделино 28
Каде се забави Гено 29
Жалајте ми мајки 30
Излегла Јанка 32
Жали моме да жалиме 33
Се собрале се степале 34
Не си го продавај, Коњо чифликот . . 36
Го пратиле дедо 38
Малките моми делба делујат 40
Горо ле, горо голема 41
Пошла Румена на вода студена 42
Не го ли видоте Асанеја 44
Еми селам, мори Енѓе 46
Бојот започна 48
Кажи мори жено 49
Донке ле, Донке 50
Немам мајка да ме плаче 52
Кало, Калино, девојко 53
Кој си има д'га жена 54
Стојне ле, Стојне 56
Невесто црвен трендафил 58
Мори моме, малко моме 60
Озгора идат сејмени 61
Ерген оди', бабо, сто години 62
Месила баба зелникот 64
Легнало лудо, заспало 66
Ми се собрале 12 другари 67
Помниш ли, либе Тодоре 68
Митане, моме девојче 70
Мала мома двори мела 72
Кажи, моме, истината 74
Битолските бегови 76
А бре Коњо, мамин Коњо 78
Девојчиња гугутчиња 80
Невесто лична Калеша 82
Кажи Анѓо 84
Нани ми нани, Зафирче 86

Коректор: Миладин Танев

Тираж 3.000 примероци. Печатено во печатница „Гоце Делчев“ — II (1752) во месец мај 1953 год.